СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 123 **13 мај 2020, среда** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1623.	**У**редба со законска сила за примена на Законот за консолидација на земјоделско земјиште за време на вонредна состојба.....	**3**
1624.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договор за заем за финансирање на проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба.....	**3**
1625.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за вработување и работа на странци за време на вонредна состојба.....	**4**
1626.	**Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба.....	**4**
1627.	**Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија за време на вонредна состојба.....	**4**
1628.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење за време на вонредна состојба.....	**5**
1629.	**Уредба** со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба.....	**5**
1630.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба....	**6**
1631.	**Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.....	**6**
1632.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19.....	**7**

Стр.

1633. **Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги, ЕКО ЕНЕРЏИ-КОСМОС ДОО с. Зубово Ново Село..... **9**

1634. **Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈТИНГ ЛУКС ДООЕЛ Струмица..... **10**

1635. **Одлука** за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2020-2022 година и финансиската програма за 2020 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура железници на Република Северна Македонија-Скопје..... **10**

1636. **Одлука** за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица – Пробиштип за 2020 година..... **10**

1637. **Одлука** за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта..... **11**

1638. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1“..... **11**

1639. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2“..... **11**

1640. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Штип“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип“..... **12**

1641. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струга“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга“..... **12**

1642. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струмица“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица“..... **12**

1643. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Берово“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово“..... **12**

Стр.

1644. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Виница“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница“..... **13**

1645. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Делчево“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Делчево“..... **13**

1646. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Кичево“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево“..... **13**

1647. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Радовиш“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш“..... **14**

1648. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Прилеп“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп“..... **14**

1649. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Гевгелија“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија“..... **14**

1650. **Одлука** за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта..... **14**

1651. **Програма** за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година..... **15**

1652. **Програма** за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено - економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19..... **15**

1653. **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Струмица..... **16**

1654. **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Струга..... **16**

1655. **Решение** од Судски совет на Република Северна Македонија..... **16**

1656. **Оглас** од Судски совет на Република Северна Македонија..... **16**

1657. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за контрола и мерење на параметри за квалитет на услуга за интернет-пристап преку јавни фиксни комуникациски мрежи..... **17**

1658. **Правилник** за формата и содржината на обрасците на безбедносниот прашалник и на безбедносните сертификати..... **18**

Огласен дел..... **1-60**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1623.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 мај 2020 година донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за консолидација на земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/13,61/16 и 83/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За рокот за изработка на геодетски елаборат за посебни намени за консолидација се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Рокот за изработка на геодетски елаборат за посебни намени за консолидација престанува да тече за време на траење на вонредната состојба и продолжува да тече 90 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3841/1
12 мај 2020 година
Скопје

Претседател
на Владата на Република
Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1624.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по договор за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/19) ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За намената на средствата од заемот и корисниците на средства од заемот утврден во член 1 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по договор за заем за финансирање на проектот за поврзување на локални патишта за време на траењето на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Средствата од заемот утврден во член 1 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по договор за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта во износ од 70.000.000 евра, за време на траењето на вонредната состојба ќе бидат наменети за:

- 20.000.000 евра за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта ќе бидат наменети за реализација на првите три компоненти на Проектот за поврзување на локални патишта и
- 50.000.000 евра за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта ќе бидат наменети за реализација на четвртата компонента на Проектот за поврзување на локални патишта (Одговор на итни случаи) за кофинансирање на владината мерка за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено - економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година.

Доколку средствата во износ од 50.000.000 евра не се искористат за намената наведена во став 1 алинеја 2 од овој член, истите останува да се искористат за реализација на првите три компоненти на Проектот за поврзување на локални патишта.

Корисник на средствата од заемот од ставот 1 алинеја 1 од овој член е Министерството за транспорт и врски.

Корисник на средствата од заемот од ставот 1 алинеја 2 од овој член е Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3959/1
12 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1625.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“ бр.217/15), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За важноста на работна дозвола која се издава за определен временски период до една година, како и за рокот за реализирање на услугите кои ги даваат странските работници кои се поврзани со набавка на стока и склопување, одржување и сервисирање на машини, средства и опрема, во период не подолг од 60 дена, во една календарска година, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Важноста на работната дозвола која се издава за определен временски период до една година чиј рок на важење е истечен, односно истекува за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба, како и 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Рокот за реализирање на услугите кои ги даваат странските работници кои се поврзани со набавка на стока и склопување, одржување и сервисирање на машини, средства и опрема, во период не подолг од 60 дена, во една календарска година, чиј рок за реализирање е истечен, односно истекува за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба, како и 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3960/1
12 мај 2020 година
Скопје

Претседател
на Владата на Република
Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1626.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/20), во членот 2 по зборот „истечен“ се става запирка и се додаваат зборовите „односно истекува за време на траењето на вонредната состојба,“, а на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „како и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31 јули 2020 година.“.

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3973/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1627.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/20), во членот 2 по зборот „истечен“ се става запирка и се додаваат зборовите „односно истекува за време на траењето на вонредната состојба,“, а на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „како и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31 јули 2020 година.“.

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3974/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1628.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 мај 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБУКА И ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, СРЕДНО УЧИЛИШТЕ, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За рокот за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Рокот за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, утврден во член 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), на кандидатите кои се стекнале со уверение за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и се продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба за онолку денови колку што траела вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3976/1
12 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1629.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 мај 2020 година донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/20) во член 1 во ставот (2) зборовите „поднесување на пријави во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за реемитување на програмски сервиси на странски радиодифузери кои операторите планираат да ги реемитуваат на својот програмски сервис за територијата на Република Северна Македонија“ се заменуваат со зборовите „донесувањето на подзаконските акти“.

Член 2

Во член 2 ставот (1) се менува и гласи:

„Јавната расправа за подзаконските акти од член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), може да се спроведе и со употреба на средства за електронска комуникација и истата трае 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.“

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги донесува подзаконските акти од член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), во рок од пет дена од денот на завршувањето на јавната расправа од став 1 на овој член.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3992/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1630.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

(1)Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16 и 64/18 и 120/18), ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

(2) За веродостојноста на сметководствените документи врз основа на кои се водат трговските книги, како и за рокот за доставувањето на одобрените финансиски извештаи за 2019 година до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, за време на траењето на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

За веродостојни сметководствени документи врз основа на кои се водат трговските книги се сметаат и скенирани документи доставени по електронски пат.

Член 3

Рокот за доставување на одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа за 2019 година на големите и средни трговци организирани како друштва со ограничена одговорност, до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба, за онолку денови колку што траела вонредната состојба.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-3993/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1631.

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Основен суд Кавадарци, да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари - опрема, кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и

не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката Су 05 број 8-1/2020 од 19.02.2020 година, донесена од претседателот на Основниот суд Кавадарци.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2087/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1632.

Врз основа на член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ВНЕСУВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА КОРОНАВИРУС COVID-19

Член 1

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20, 92/20, 100/20, 107/20, 109/20 и 119/20), во член 1, став 1, во точката 6 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Од 13 мај 2020 година може да се отпочне со спортски тренинзи на отворено, исклучиво за поединечни спортови и тенис, со задолжително почитување на Протоколот за тренинг на спортисти во поединечни спортови од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој е даден во Прилог број 1 и е составен дел на оваа одлука.“

Во Точката 9 по зборот „клубови“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите „и спортските обложувалници“ се бришат.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„ Од 13 мај 2020 година, може да отпочнат со работа спортските обложувалници и другите уплатно - исплатни места на приредувачите на игри на среќа во обложувалниците, со работа и давање на услуги преку штанд/пункт/шалтер, со задолжително почитување на Протоколот за отворање и работа на уплатно – исплатни места на приредувачите на игри на среќа во обложувалници од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој е даден во Прилог број 2 и е составен дел на оваа одлука.“

Точката 10 се дополнува со два нови става кои гласат:

„Од 13 мај 2020 година може да се отпочне со работа и работни активности во центрите за едукација, обуки и семинари за возрасни, организации на седници на органи на управување и конференции и академии за едукативни активности, со задолжително почитување на Протоколот за организација на работни состаноци, обуки, курсеви и семинари кој е даден во Прилог број 3 и Протоколот за одржување на седници на органи на управување и конференции од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој е даден во Прилог број 4 и се составен дел на оваа одлука.

Од 13 мај 2020 година може да се организираат и реализираат службени патувања на избрани и именувани лица, во странски држави, со задолжително почитување на препораките и протоколите од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за одржување на потребното растојание и носење на лична заштитна опрема, а заради координација и други работни активности поврзани со мерки за COVID-19 како и поради други итни причини кои не трпат одлагање, без спроведување на овие лица во државен карантин по нивното враќање во Република Северна Македонија.“

Точката 21 се менува и гласи:

„Од 13 мај 2020 година може да отпочнат со работа и работни активности моловите на територија на Република Северна Македонија, со задолжително почитување на Протоколот за отворање и работа на молови од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој е даден во Прилог број 5 и е составен дел на оваа одлука.

Угостителските објекти и ресторани во моловите од став 1 на оваа точка кои вршат подготовка и продажба на храна, можат да работат без посета на посетители - гости во објектите и да остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн нарачки, телефонски нарачки и сл) и да вршат достава или да овозможат самостојно подигнување на нарачката надвор од угосителскиот објект или ресторан (преку штанд/пулт)“.

Точката 24 се менува и гласи:

„Од 13 мај 2020 година може да отпочнат со работа, одржување на настава и спроведување на обуките и испитите во испитните центри од страна на школите за обука на возачи со задолжително почитување на Протоколот за работа на школите за обука на возачи од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој е даден во Прилог број 6 и е составен дел на оваа одлука“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 44-2147/12
12 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

ПРИЛОГ бр. 1

ПРОТОКОЛ ЗА ТРЕНИНГ НА СПОРТИСТИ ВО ПОЕДИНЕЧНИ СПОРТОВИ

1. Организацијата на тренинзите е дозволена единствено во спортски објекти кои можат да ги задоволат техничките и сигурносни услови со можност за физичко растојание од 5м помеѓу секој спортист, односно да е обезбеден простор од 20м2 по спортист со организација на тренингот за најмногу 5 лица вклучително и еден тренер со минимален број на технички лица (најмногу две лица)

2. Во спортскиот објект да се обезбедат сите санитарно хигиенски услови

3. Да се воспостави евиденција за тренингот со податоци за спортистите, тренерот, асистентот и други лица потребни за тренингот заради лесно следење на контактите

4. Тренинзите се организираат по претходно направен распоред за време на тренинзи со список на спортисти и тренери

5. Пред почеток на тренингот се прави термален скрининг и се забранува тренинг на лице со покачена температура и истото се отстранува

6. Во случај на потреба на здравствен работник на тренингот при близок контакт со здравственото лице мора се користат заштитни маски, ракавици и визир од страна на здравствениот работник

7. Спортистите и тренерите доаѓаат на тренинг поединечно со свое возило и опрема и во опрема за тренинг со што се избегнува користење на соблекувалните

8. Во текот на тренингот се препорачува растојание од 5м помеѓу секој спортист и тренер како минимално растојание

9. Тренингот да се обавува на отворен простор

10. По завршување на тренингот опремата за тренинг и реквизити се дезинфицираат со средство кое е 70% на база на алкохол

11. Тренинзите во контактните спортови се препорачува секогаш да се одвиваат по принцип „ист спортист со ист тренер“

12. Секој спортист мора да има сопствено со име обележано шише со напитоци

13. По завршување на тренингот спортистите и тренерот заминуваат дома поединечно без туширање и без влегување во соблекувалните почитувајќи ги мерките за физичко растојание, еден по еден.

ПРИЛОГ бр. 2

ПРОТОКОЛ ЗА ОТВОРАЊЕ И РАБОТА НА УПЛАТНО-ИСПЛАТНИ МЕСТА НА ПРИРЕДУВАЧИТЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО ОБЛОЖУВАЛНИЦА

1. Користење на заштитна опрема, маски и ракавици од страна на сите вработени на уплатно - исплатните места.

2. Одржување на физичко растојание од 2 метри помеѓу присутните играчи во просторијата.

3. Влез со маски за сите играчи

4. На масите поставени на уплатно-исплатните места има само по две столчиња

5. На шалтер присутен по еден играч со растојание од 2 метра со играчот кој следен чека за уплата

6. Средства за дезинфекција поставени на влезовите од обложувалниците и на пултовите за уплата

7. Шанковите во рамките на уплатните места се без можност за послужување на пијалоци

8. Задолжително редовно вршење на дезинфекција на маси и столици и остаток од инвентар со дезинфекционо средство кое делува на вируси според упатство од производителот

9. На крајот на смената задолжително механичко чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини

10. Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства.

ПРИЛОГ бр. 3

ПРОТОКОЛ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ СОСТАНОЦИ, ОБУКИ, КУРСЕВИ И СЕМИНАРИ

1.Времетраењето се ограничува на најмногу 6 часа, со задолжителна пауза на секои 2 часа;

2. Пред почеток на средбата, учесниците задолжително да се известат дека доколку имаат респираторни симптоми (температура, кашлица, отежнато дишење) им се препорачува да не присуствуваат;

3. Се ограничува бројот на учесници согласно просторот со цел да се обезбеди задолжително физичко растојание на учесниците од 1,5 – 2 мм, но не повеќе од 30 лица;

4. Организаторите, предавачите и учесниците задолжително да носат заштитни маски;

5. Во просторијата задолжително да се обезбеди средство за дезинфекција на рацете;

6. Да се почитуваат општите мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена (зачестено миење на раце или употреба на дезинфекционо средство за раце на база на алкохол);

7. Просторијата почесто да се проветрува, по можност за време на часовите и задолжително во текот на паузите;

8. За време на паузите се забранува групирање на присутните;

9. По завршување на настанот, просторијата да се исчисти и да се дезинфицира подот со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција за горни површини.

10. Во просторијата да се обезбеди корпа за отпадоци со капак.

ПРИЛОГ бр. 4

ПРОТОКОЛ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦИ НА ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И КОНФЕРЕНЦИИ

1. Ограничен број на учесници до максимум 30 лица согласно просторот со цел да се обезбеди физичко растојание на учесниците од 1,5-2м

2. Учесниците задолжително да носат заштитни маски

3. Во просторијата задолжително да се обезбеди средство за дезинфекција на рацете

4. Да се почитуваат општите мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена (зачестено миење на раце или употреба на дезинфекционо средство за раце на база на алкохол)

5. Просторијата почесто да се проветрува, пожелно за време на часовите и задолжително во текот на паузите

6. За време на паузите да се забрани групирање на присутните

7. По завршување на настанот просторијата да се исчисти и да се дезинфицира подот со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини

8. Во просторијата да се обезбеди корпа за отпадоци со капак.

ПРИЛОГ бр. 5

ПРОТОКОЛ ЗА ОТВОРАЊЕ И РАБОТА НА МОЛОВИ

1. Ограничено/скратено работното време (10:00-18:00) /затворени во недела

2. Регулирање на влезот на лица во затворениот продажен центар од страна на овластено лице, така што да не се дозволи групирање на луѓе во ходниците, така што ќе се дозволи по едно лице на 5m2.

3. Ограничување за лицата над 65 години, со можност за пазарување до 12 часот

4. Задолжително носење на заштитни маски и ракавици на вработените

5. Задолжително носење на заштитни маски на купувачите

6. Одржување на физичко растојание меѓу купувачите и меѓу купувачите и продавачите од 1,5m – 2m

7. Поставени на јасно видливи места, едукативно-информативни материјали за почитување на заштитните превентивни мерки: носење заштитни маски, одржување на физичка дистанца, редовно дезинфицирање на рацете, правилна респираторна хигиена. Дополнително, преку разглас (на секои 30 минути) информирање на купувачите за почитување на овие превентивни мерки

8. Регулирање на бројот на купувачи согласно квадратурата на продавницата, на 8m² - 10m² продажен простор, по еден купувач

9. Задолжително одредено лице од фирмата пред влезот на продавницата да го организира редот и бројот на купувачи

10. Пред влезот на продавницата обезбедено средство за дезинфекција на рацете

11. Во продавниците за облека забрането пробување на облека - да се даде можност за пробување дома со можност за замена на купената облека

12. Доколку на касите за плаќање не може да се обезбеди растојание од 1,5-2m помеѓу продавачот (касиерот) и купувачот да се постави бариера од плексиглас. Доколку има повеќе каси за наплата да се обезбеди растојание од 1,5-2m помеѓу касите во редот.

13. Пред касите да се обележи растојание (место за чекање) од 1,5-2m меѓу купувачите

14. Засилени санитарно-хигиенски мерки, односно зачестено чистење 4-5 пати во текот на денот со употреба на средство за дезинфекција кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) за подот или 70% алкохол за дезинфекција за горните површини. Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства.

15. Редовно и зачестено одржување на хигиената на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства.

ПРИЛОГ бр. 6

ПРОТОКОЛ ЗА РАБОТА НА ШКОЛИТЕ ЗА ОБУКА НА ВОЗАЧИ

1. Задолжително користење на заштитна маска од страна на кандидатот и инструкторот при обука на терен со возило

2. После секоја обука на поединечен кандидат, задолжителна е дезинфекција на внатрешноста на возилото

3. Организирање на теоретска настава во училница со почитување на мерките за физичко растојание помеѓу клупите од 1.5м-2.0м и задолжително носење на заштитни маски од слушателите и предавачот

4. Поставени средства за дезинфекција пред влез во училниците и редовна дезинфекција и одржување на хигиената и проветрување по секое одржано предавање

5. Три лица е максималниот број лица во возилото при спроведување на полагањата на кандидатот со носење на задолжителна заштитна маска на сите лица во возилото.

1633.

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ, ЕКО ЕНЕРЏИ-КОСМОС ДОО С. ЗУБОВО НОВО СЕЛО

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЕКО ЕНЕРЏИ-КОСМОС ДОО с. Зубово Ново Село, со број 19-209/6 од 13.4.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3144/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1634.

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЛАЈТИНГ ЛУКС ДООЕЛ СТРУМИЦА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈТИНГ ЛУКС ДООЕЛ Струмица, со број 19-216/4 од 14.4.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3191/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1635.

Врз основа на член 7 став (4) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА ПЕРИОД 2020-2022 ГОДИНА И ФИНАНСИСКАТА ПРОГРАМА ЗА 2020 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Инвестиционата програма за период 2020 -2022 година и Финансиската програма за 2020 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, кои се составен дел на Ревидираниот бизнис план за 2020 година, донесен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие бр.0201-2086/2 од 16.4.2020 година, на седницата, одржана на 16.4.2020 година.

2. Оваа одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-3284/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1636.

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 мај 2020 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХИДРОСИСТЕМ ЗЛЕТОВИЦА – ПРОБИШТИП ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2020 година бр.02-244/15 од 14.4.2020 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 14.4.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3363/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1637.

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за државни патишта - како предлагач на експропријацијата, да му се предаде во владение недвижност која претставува:

1. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 2905 КО Блаце Кале, со површина од 1074 м2, запишана во Имотен лист бр.357, согласно Решение за експропријација Убр.25-26/20-2 од 11.05.2020 година на Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи - Одделение за првостепена управна постапка во Чаир-Скопје.

2. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 2906 КО Блаце Кале, со површина од 4862 м2, запишана во Имотен лист бр.358, согласно Решение за експропријација Убр.25-27/20-2 од 11.05.2020 година на Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи - Одделение за првостепена управна постапка во Чаир-Скопје.

3. Земјоделско земјиште КП бр. 2904 КО Блаце Кале, со површина од 556 м2, запишана во Имотен лист бр.408, согласно Решение за експропријација Убр.25-28/20-2 од 11.05.2020 година на Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи - Одделение за првостепена управна постапка во Чаир-Скопје.

4. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 2895/1 КО Блаце Кале, со површина од 81 м2, шумско земјиште дел од КП бр. 2825/2 КО Блаце Кале, со површина од 9584 м2, шумско земјиште дел од КП бр. 2823 КО Блаце Кале, со површина од 9995 м2, и земјоделско земјиште дел од КП бр. 2822 КО Блаце Кале, со површина од 3344 м2, запишани во Имотен лист бр.142, согласно Решение за експропријација Убр. 25-38/20-3 од 11.05.2020 година на Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи - Одделение за првостепена управна постапка во Чаир-Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3709 /1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1638.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „СКОПЈЕ 1“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „СКОПЈЕ 1“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1” бр.01-676/4 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1639.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „СКОПЈЕ 2“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „СКОПЈЕ 2“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2“ бр.01-676/5 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/2
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1640.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „ШТИП“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „ШТИП“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Штип“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип“ бр.01-676/6 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/3
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1641.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „СТРУГА“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „СТРУГА”

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струга” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга“ бр.01-676/7 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/4
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1642.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „СТРУМИЦА“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „СТРУМИЦА“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струмица” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица” бр.01-676/8 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/5
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1643.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „БЕРОВО“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „БЕРОВО“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Берово“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово“ бр.01-676/9 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/6
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1644.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „ВИНИЦА“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „ВИНИЦА“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Виница“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница“ бр.01-676/10 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/7
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1645.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „ДЕЛЧЕВО“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „ДЕЛЧЕВО“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Делчево“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Делчево“ бр.01-676/1 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седница одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/8
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1646.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „КИЧЕВО“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „КИЧЕВО“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Кичево“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево“ бр.01-676/2 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/9
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1647.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „РАДОВИШ“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „РАДОВИШ“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Радовиш“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш“ бр.01-676/3 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седница одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/10
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1648.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „ПРИЛЕП“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „ПРИЛЕП“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Прилеп“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп“ бр.01-676/11 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/11
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1649.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „ГЕВГЕЛИЈА“ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „ГЕВГЕЛИЈА“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Гевгелија“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија“ бр.01-676/12 од 30.4.2020 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седница, одржана на 30.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3740/12
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1650.

Врз основа на член 56 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/11, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15 и 31/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ОД ДЕЛОТ НА АКЦИЗАТА ОД ДЕРИВАТИ ОД НАФТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/13) во членот 2 зборовите „од акцизата од деривати од нафта“ се заменуваат со зборовите „од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта.“

Член 2

По членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„Член 3-а

Висината на средствата од делот од акцизата од деривати од нафта кои се распределуваат на Јавното претпријатие за државни патишта во периодот од денот на влегувањето во сила на оваа одлука до 31 јули 2020 година изнесува 25 % од уплатената акциза од деривати од нафта.

Износот на средствата утврдени согласно став 1 на овој член од Буџетот на Република Северна Македонија се уплатуваат на сметка на Јавното претпријатие за државни патишта.“

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3989/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1651.

Врз основа на член 26 став (5) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12 , 155/12 , 163/13 , 42/14 , 130/14, 152/15, 31/16 , 178/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Во Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 29/20), во точката 1 износот „430.000.000 “ се заменува со износот „380.000.000 “.

2. Во точката 2 , потточка 1 износот „25.000.000 “се заменува со износот„15.000.000 “.

Во потточката 2 износот „97.000.000 “ се заменува со износот „87.000.000 “.

Во потточката 3 износот „42.000.000 “ се заменува со износот „37.903.000 “.

Во потточката 4 износот „106.000.000 “ се заменува со износот „101.000.000 “.

Потточката 6 се менува и гласи:

„ Набавка на прагови 20.780.000 денари.

За извршување на поединечна замена на дрвените прагови на пругите на територија на Република Северна Македонија потребно е да се набаваат 4000 парчиња букови колосечни прагови и 90m3 храстови свртнички прагови“.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3298/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1652.

Врз основа на член 2 став 1 од Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот Covid-19 за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.92/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНАВИРУСОТ COVID-19

1. Со оваа програма се утврдува исплатата на финансиски средства за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност - баратели на финансиска поддршка, погодени од здравствено - економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, за месеците април и мај 2020 година, во висина од 14.500 денари месечно.

Средствата од став 1 на оваа точка се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Сметка 100000000063095, Подсметка 04001000-7863713, Конто 464990, Програма П1.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма се исплаќаат на трансакциска сметка преку која физичкото лице - барател на финансиска поддршка врши трансакции за дејноста.

3. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

4. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 31.12.2020 година.

5. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3981/1
12 мај 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска**, с.р.

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1653.

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 на Уставот на Република Северна Македонија, член 42 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19) и член 36 став 1 алинеја 4 в.в.со член 53 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 7.5.2020 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

За судии поротници на Основен суд Струмица се избрани:

1. Соња Петрова од Струмица,
2. Боркица Димитриева од Струмица,
3. Силвана Тупарова од Струмица,
4. Димитар Јанков од Струмица,
5. Наташа Илиева од Струмица,
6. Белагија Аливкинова од Струмица,
7. Петар Аризанов од Струмица,
8. Ратка Петрова од с. Секирник,
9. Катерина Пандева од Струмица,
10. Лидија Танчева с.Мокриево,
11. Фиданка Црнгарова од с.Куклиш,
12. Илинка Николова од Струмица,
13. Марија Николова од Струмица,
14. Даниела Крстевска од Струмица,
15. Ана Клесова с.Моноспитово,
16. Наталија Бачовска од Струмица,
17. Добрила Николова од Струмица и
18. Аница Костадинова од Струмица.

Оваа одлука влегува во сила од 7.5.2020 година.

Бр. 02-484/4
12 мај 2020 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
Киро Здравев, с.р.

1654.

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 на Уставот на Република Северна Македонија, член 42 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19) и член 36 став 1 алинеја 4 в.в.со член 53 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 7.5.2020 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД СТРУГА

За судии поротници на Основен суд Струга се избрани:

1. Хамиде Мена од с.Ливада, Струга,
2. Јорданка Јанческа с.Враништа, Струга,
3. Розе Танческа од Струга,
4. Димче Гускароски од Струга,
5. Живанка Ѓонеска од Струга,
6. Диел Зиба од Струга и
7. Ерион Илјази од с. Франгово, Струга.

Оваа одлука влегува во сила од 7.5.2020 година.

Бр. 02-565/3
12 мај 2020 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
Киро Здравев, с.р.

1655.

Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РСМ“ бр.96/19) в.в. со член 54 став 1 точка 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019), на ден 7.5.2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Трајче Скрчески, судија на Основен суд Охрид, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Решението влегува во сила од 7.5.2020 година.

Бр. 02-730/2
8 мај 2020 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
Киро Здравев, с.р.

1656.

Судскиот совет на Република Северна Македонија, врз основа на член 47 став 5 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) и член 46 а в.в. со член 47 став 6 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019), објавува

О Г Л А С

- за избор на претседател на Апелационен суд Гостивар,
- за избор на претседател на Апелационен суд Штип,
- за избор на претседател на Основен суд Виница,
- за избор на претседател на Основен суд Кратово,
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Берово,
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Виница,
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Гостивар,
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Делчево,
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Кавадарци и
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Кичево.

Кандидатите за избор на претседател на суд треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 и член 47 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/2019).

Кандидатите за избор на судија на основен суд треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 и член 46 став 1 точка 1 и 2 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/2019).

Заинтересираните кандидати пријавата заедно со потребна документација во оригинал или заверена фотокопија на нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија, ул. Македонија бр. 5, Скопје, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во Службен весник на РСМ. Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на WEB страната н Судскиот совет на Република Северна Македонија на следната адреса: http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите ((„Службен весник на РМ“ бр.150/2010). Од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе бидат спроведени психолошкиот тест и тестот за интегритет за кандидатите кои ги немаат положено тестовите, како и проверка на знаење на практична работа со компјутери. По однос на термините за полагање на тестовите и проверка на знаење на практична работа со компјутери, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

Бр. 09-747/2 и 09-751/2
8 мај 2020 година
Скопје

Судски совет на Република Северна Македонија
Заменик на претседателот,
Киро Здравев, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

1657.

Врз основа на член 8 став 1 алинеја 29 и член 24 став 1, а во врска со член 109 став 2 од Законот за електронски комуникации, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2014, 188/2014 , 44/2015, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот за Агенцијата за електронски комуникации на ден 24.4.2020 година, донесе

П Р А В И Л И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОНТРОЛА И МЕРЕЊЕ НА ПАРАМЕТРИ ЗА КВАЛИТЕТ НА УСЛУГА ЗА ИНТЕРНЕТ ПРИСТАП ПРЕКУ ЈАВНИ ФИКСНИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

Член 1

Во Правилникот за контрола и мерење на параметри за квалитет на услуга за Интернет пристап преку јавни фиксни комуникациски мрежи со Службен весник на РМ, бр. 35 од 12.2.2019 година, во член 3 став 2, после зборот „ се “ се додаваат зборовите „ факти и докази на кои се заснова Приговорот до Операторот и истите се негов задолжителен составен дел, согласно член 120 став 2 од Законот за електронски комуникации. “, додека зборовите „ доставуваат до операторот при иницирање на барање за проверка на квалитетот на пристапот на Интернет од страна на операторот“, се бришат.

Член 2

Во член 4 став 2, после зборот „ случај “, се додаваат следните зборови „ доколку резултатите од самостојните мерења од член 3 на овој Правилник, не ги задоволуваат критериумите на квалитет“.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на РСМ“.

По влегувањето во сила, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за контрола и мерење на параметри за квалитет на услуга за Интернет пристап преку јавни фиксни комуникациски мрежи, ќе биде објавен на ВЕБ-страницата на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0101-413/4
24 април 2020 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за електронски комуникации,
Сашо Димитријоски, с.р.

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

1658.

Врз основа на членовите 45 став 4 и 54 став 4 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИОТ ПРАШАЛНИК И НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СЕРТИФИКАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на обрасците на безбедносниот прашалник и на безбедносните сертификати.

Член 2

Безбедносниот прашалник содржи:

1) лични податоци за кандидатот:
- име, татково име и презиме;
- датум на раѓање;
- место на раѓање (град и држава);
- единствен матичен број на граѓанинот - ЕМБГ;

2) други користени имиња и презимиња и периодот на нивно користење;

3) податоци за идентификација:
- број на лична карта, датум на издавање, време на важност и органот кој го издал документот;
- број на патна исправа, датум на издавање, време на важност и органот кој го издал документот;

4) информации за контакт (телефон на работа, мобилен телефон, електронска пошта);

5) податоци за државјанство:
- државјанство;
- државјанство на други држави (година на стекнување, основ на стекнување на државјанството);
- поранешни државјанства (период од-до, основ на стекнување на државјанството);
- тековна постапка за добивање на државјанство од друга држава;

6) адреса на живеење:
- адреса и период на живеење на наведената адреса;
- привремена адреса;

7) податоци за образование (почнувајќи од средно образование):
- назив и седиште на образовната институција;
- период на посетување;
- степен/диплома која е стекната;
- година на завршување на образованието;
- периодот, образовната институција и државата во која е стекнато образованието, доколку дел од образованието е завршено во друга држава;

8) податоци за вработување (актуелно и поранешни вработувања):
- период на вработување;
- назив и седиште на работодавачот;
- работното место;
- име и презиме на непосредно претпоставеното лице и телефонски број за контакт;

9) лица за контакт за дополнителни информации:
- име и презиме, адреса и телефонски број;

10) податоци за брачната состојба:
- моментална брачна состојба;
а) брачен/вонбрачен другар:
- име и презиме;
- датум и место на раѓање;
- единствен матичен број на граѓанинот – ЕМБГ;
- поранешно име и презиме;
- државјанство (вклучувајки и поранешни и државјанства на други држави);
- адреса на живеење (ако е различна од моменталната на кандидатот);
б) поранешен брачен другар (име и презиме, датум и место на раѓање);

11) податоци за семејството:
а) деца:
- име и презиме;
- датум и место на раѓање;
- единствен матичен број на граѓанинот – ЕМБГ;
- државјанство (вклучувајки поранешни и државјанства на други држави);
б) лица постари од 18 години кои живеат со кандидатот во исто домаќинство:
- име и презиме;
- сродство,
- датум и место на раѓање;
- единствен матичен број на граѓанинот – ЕМБГ;
- државјанство (вклучувајки поранешни и државјанства на други држави);
в) родители на кандидатот и родители на неговиот брачен/вонбрачен другар:
- име и презиме;
- датум и место на раѓање;
- единствен матичен број на граѓанинот - ЕМБГ;
- државјанство (вклучувајки поранешни и државјанства на други држави);

12) податоци за воена и полициска служба:
- отслужен воен рок, воена пошта и достигнат чин;
- воена служба, воена пошта и достигнат чин;
- полициска служба, полициска единица-установа и достигнат чин;

13) податоци за активности поврзани со други држави:
- деловни врски или финансиски интереси во друга држава;
- вработувања или ангажмани од страна на влада, институција или фирма на друга држава;
- контакти со официјални институции на друга држава, нејзини претставништва (амбасади или конзулати), припадници на воени, безбедносни, разузнавачки и други служби;
- дополнителни објаснувања;

14) податоци за престој во други држави подолго од три месеци:
- период на престој;
- причина;
- адреса и држава на престој;

15) податоци за казнена и прекршочна евиденција:
- кривични или прекршочни постапки кои некогаш се воделе или во моментот се водат против кандидатот;
- изречени правосилни или неправосилни судски пресуди или решенија на прекршочни органи;
- дополнителни објаснувања;

16) податоци за активности поврзани со опојни дроги и/или алкохол:
- користење на опојни дроги или психотропни супстанции;
- инволвираност во нелегално производство и продажба на опојни дроги и психотропни супстанции;
- зависност од алкохол;
- дополнителни објаснувања;

17) податоци за здравствена состојба:
- матична медицинска установа и матичен лекар;
- контакт информации од матичниот лекар;
- лекувања од психички болести и дополнителни објаснувања;

18) податоци за претходни безбедносни сертификати:
- претходно поседување на безбедносен сертификат;
- одбивање на барање за издавање на безбедносен сертификат;
- одземање на веќе издаден безбедносен сертификат пред истекот на неговото важење;
- дополнителни објаснувања за одбиени или одземени безбедносни сертификати;

19) податоци за лична финансиска и имотна состојба:
- редовни месечни приходи изразени во денари;
- други приходи и нивниот износ изразени во денари;
- приближна вкупна пазарна вредност на недвижниот и движниот имот и парични средства изразено во денари;
- финансиски обврски (кредити) и нивниот износ;
- даночни прекршоци;

20) податоци за безбедносен ризик:
- членство во организација која има за цел насилно рушење на уставниот поредок на Република Северна Македонија како и на земјите членки на НАТО и ЕУ;
- вклученост во активности кои имале за цел насилно рушење на уставниот поредок на Република Северна Македонија како и на земјите членки на НАТО и ЕУ;
- вклученост во терористички активности;
- дополнителни објаснувања;

21) податоци за социјални медиуми (активни профили на социјалните мрежи на интернет).

Член 3

Образецот на безбедносниот прашалник, освен податоците од членот 2 од овој правилник, содржи и изјава на кандидатот дека податоците дадени во прашалникот и кои било прилози кон него се вистинити, целосни и точни, според најдоброто негово знаење и верување и дека е согласен тие да бидат проверени заради издавање на безбедносен сертификат.

Член 4

Безбедносниот прашалник се пополнува на Образец кој се печати на хартија во бела боја во А4 формат и е даден во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Обележувањето на образецот се врши на следниот начин: степенот на класифицикацијата се бележи во средината најгоре (т.н. „заглавие“) и најдолу (т.н. „подножје“), кои се оддалечени по 1,25 сантиметри од рабовите на страницата; другите содржини на безбедносниот прашалник од членот 2 од овој правилник, се бележат помеѓу „заглавието“ и , подножјето“ во простор што од горниот и долниот раб на страницата е оддалечен по 1,00 сантиметар, а од левиот и десниот раб на страницата е оддалечен по 0,5 сантиметри.

Образецот е обележан со ознаката „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ на секоја страница. На првата страница на образецот, под ознаката, се испишани зборовите: „БЕЗБЕДНОСЕН ПРАШАЛНИК“.

Веднаш под нив, во заграда, се испишани зборовите: „Кандидатот лично го пополнува прашалникот и своерачно го потпишува“. Страниците на образецот се обележуваат со реден број од вкупниот број на страници.

Член 5

На крајот од образецот на безбедносниот прашалник, на последната страница, отпечатена е изјавата на кандидатот од членот 3 од овој правилник.

Веднаш под изјавата, на левата страна од последната страница од образецот има место на кое се запишува датумот на пополнување на безбедносниот прашалник, а на десната страна место за име и презиме и потпис на кандидатот.

Член 6

Безбедносниот сертификат може да биде:

- безбедносен сертификат за физички лица и
- безбедносен сертификат за правни лица.

Во зависност од тоа за чии класифицирани информации се бара издавање на безбедносен сертификат, се издава:

- безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија и
- безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации на странска држава или меѓународна организација.

Безбедносните сертификати од ставовите 1 и 2 на овој член, се издаваат како изворник-безбедносен сертификат „Образец А“ и како извод од изворникот-безбедносен сертификат „Образец Б“.

Безбедносниот сертификат за правно лице се издава само како изворник-безбедносен сертификат „Образец А“.

„Образецот А“ на безбедносните сертификати за правни лица се издава само за пристап до класифицирани информации.

Член 7

Безбедносниот сертификат „Образец А“ за физичко лице за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија, кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник, содржи податоци за:

- назив на органот на издавање на безбедносниот сертификат;
- името и презимето на лицето на кое му се издава безбедносниот сертификат;
- датумот и местото на раѓање на лицето;
- единствен матичен број на граѓанинот - ЕМБГ;
- степенот на класификација на информациите за кои се издава безбедносниот сертификат;
- серискиот број на безбедносниот сертификат;
- датумот на почетокот на важење и датумот на престанок на важноста на безбедносниот сертификат и
- потпис на овластеното лице на органот на издавање на безбедносниот сертификат и печат на органот на издавање.

Член 8

Безбедносниот сертификат „Образец Б“ за физичко лице за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија, кој е даден во Прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник, содржи податоци за:

- назив на органот на издавање на изводот од безбедносниот сертификат;
- името и презимето на лицето на кое му се издава извод од безбедносниот сертификат;
- единствен матичен број на граѓанинот;
- степенот на класификација на информациите за кои се издава безбедносниот сертификат;
- серискиот број на изводот од безбедносниот сертификат;
- датумот на почетокот на важење и датумот на престанок на важноста на изводот од безбедносниот сертификат и

- потпис на овластеното лице на органот на издавање на изводот од безбедносниот сертификат и печат на органот на издавање.

Безбедносниот сертификат има важност само со приложување на личната карта или патната исправа на физичкото лице.

Член 9

Безбедносниот сертификат „Образец А“ за правно лице за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија, кој е даден во Прилог бр. 4 и е составен дел на овој правилник, содржи податоци за:

- назив на органот на издавање на безбедносниот сертификат;
- назив и седиште на субјектот на кој му се издава безбедносниот сертификат;
- единствен даночен број на субјектот;
- име и презиме и единствен матичен број на граѓанинот кој е одговорно лице на субјектот;
- степенот на класификација на информациите за кои се издава безбедносниот сертификат;
- постоење или непостоење на услови за чување на класифицирани информации;
- постоење или непостоење на акредитиран(и) комуникациско-информациски систем(и);
- серискиот број на безбедносниот сертификат;
- датумот на почетокот на важење и датумот на престанок на важноста на безбедносниот сертификат и
- потпис на овластеното лице на органот на издавање на безбедносниот сертификат и печат на органот на издавање.

Член 10

Безбедносниот сертификат „Образец А“ се печати на хартија во бела боја во А4 формат.

„Образецот Б“ на безбедносниот сертификат за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија се печати на хартија во бела боја од 200 грама со формат 60 мм на 90 мм.

Изворникот и изводот од безбедносниот сертификат за пристап до класифицирани информации на странска држава или меѓународна организација се печатат на хартија во бела боја во А4 формат, во согласност со ратификуван меѓународен договор за размена и заштита на класифицирани информации меѓу Република Северна Македонија и странската држава или меѓународна организација.

Член 11

Обележувањето на безбедносниот сертификат „Образец А“ за физички и правни лица се врши така што: во т.н. „заглавие“ горе десно на страницата, се бележи текстот „Образец А“ кој е оддалечен 1,25 сантиметри од работ на страницата.

Во просторот помеѓу „заглавието“ и „подножјето“, што од горниот и долниот раб на страницата е оддалечен по 2,54 сантиметри, а од левиот и десниот раб на страницата е оддалечен по 3,17 сантиметри, се бележат другите содржини: во горниот дел на страницата, веднаш под означениот степен на класификација, е отпечатен грбот на Република Северна Македонија и под него зборовите „Република Северна Македонија“. Под нив е испишан полниот назив на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Под називот на Дирекцијата, на средината од страницата се испишани зборовите: „БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ“. Под овие зборови се бележат останатите содржини на безбедносните сертификати и тоа од член 7 од овој правилник (за физички лица), односно од член 9 од овој правилник (за правни лица), но така што како последни, во левиот долен дел на страницата, едно по друго се испишани серискиот број на сертификатот и датумот на издавањето, во десниот долен дел на страницата има место за потписот на овластеното лице на органот на издавањето на безбедносниот сертификат, а во средината во долниот дел на страницата има место за печатот на органот на издавањето на безбедносниот сертификат.

На задната страна од безбедносниот сертификат за физички лица отпечатен е текстот: „Согласно член 39 од Законот за класифицирани информации(*) лицето има пристап до информации класифицирани со степен: (место за наведување на степенот за кој е извршена

безбедносна проверка). Лицето кое има безбедносен сертификат за пристап до повисок степен на класифицирани информации, има право на пристап до класифицирани информации од понизок степен“.

На задната страна од безбедносниот сертификат за правни лица отпечатен е текстот: „Согласно член 39 од Законот за класифицирани информации(*) правното лице има пристап до информации класифицирани со степен: (место за наведување на степенот за кој е извршена безбедносна проверка). Правното лице кое има безбедносен сертификат за пристап до повисок степен на класифицирани информации, има право на пристап до класифицирани информации од понизок степен“.

Член 12

Обележувањето на безбедносниот сертификат „Образец Б“ за физички лица за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија се врши така што:

а) На предната страна од образецот е отпечатен грбот на Република Северна Македонија и под него зборовите „Република Северна Македонија”. Под нив е испишан полниот назив на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Под називот на Дирекцијата, на средината од страницата се испишани зборовите: „БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ“.

Под овие зборови е отпечатена линија со дебелина од 6 мм, во боја соодветна на степенот на класифицираните информации за кои се издава безбедносниот сертификат. Под линијата, во средина, се испишува името и презимето на лицето на кое му се издава безбедносниот сертификат. Под нив, на левата страна, се испишува единствениот матичен број на граѓанинот, под него серискиот број на безбедносниот сертификат, а под него, во два реда едно по друго се испишуваат датумот на издавањето и датумот на престанок на важењето на безбедносниот сертификат. На десната страна, во ист ред со датумот на издавањето на безбедносниот сертификат, има место за потписот на овластеното лице на органот на издавањето. На средината долу има место за печат на органот на издавањето на безбедносниот сертификат.

б) На задната страна од образецот, најгоре и најдолу е отпечатена линија со дебелина од 6 мм, во боја соодветна на степенот на класифицираните информации за кои се издава безбедносниот сертификат. Под горната линија е отпечатен текстот: „Согласно член 39 од Законот за класифицирани информации(*) лицето има пристап до информации класифицирани со степен:“. Во средината се испишува степенот за кој е извршена безбедносна проверка. Над долната линија е отпечатен текстот: „Лицето кое има безбедносен сертификат за пристап до повисок степен на класифицирани информации, има право на пристап до класифицирани информации од понизок степен“.

Член 13

Во зависност од степенот на класификацијата на информациите за кои се издаваат, боите на линиите на „Образецот Б“ на безбедносниот сертификат за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија се следни:

- за ДРЖАВНА ТАЈНА – црвена боја;
- за СТРОГО ДОВЕРЛИВО - сина боја;
- за ДОВЕРЛИВО - зелена боја.

Член 14

По пополнувањето и заверката со потпис и печат, безбедносниот сертификат „Образец Б” за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија се пластифицира.

Член 15

За користење на класифицирани информации на странска држава или меѓународна организација обележувањето на безбедносните сертификати „Образец А“ и „Образец Б“ се врши според меѓународниот договор за размена на класифицирани информации склучен со одделна држава или меѓународна организација ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија, при што како орган на издавање на безбедносниот сертификат се наведува Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. На безбедносниот сертификат има место за потписот на овластеното лице на органот на издавањето и за печат на органот на издавањето на безбедносниот сертификат.

Доколку со меѓународен договор или друг пропис не е поинаку определено, текстот на безбедносниот сертификат за пристап до класифицирани информации на странска држава или меѓународна организација е напишан на англиски јазик.

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на обрасците на безбедносните прашалници и на безбедносните сертификати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 208/16).

Член 17

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 03-131/3
11 мај 2020 година
Скопје

Директор,
Стојан Славески, с.р.

Прилог бр.1

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

БЕЗБЕДНОСЕН ПРАШАЛНИК

(кандидатот лично го пополнува прашалникот и своерачно го потпишува)

1	**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**	
	Име, татково име и презиме	
	Датум на раѓање	
	Место на раѓање (за родени во странство и името на државата)	
	Единствен матичен број на граѓанинот	

2	**ДРУГИ КОРИСТЕНИ ИМИЊА и ПРЕЗИМИЊА**		
	Наведете други имиња и презимиња кои сте ги користеле и временскиот период кога сте ги користеле (на пр.: вашето моминско име и презиме, име и презиме од поранешен брак, поранешни имиња и презимиња)		
	Име и презиме	Од (м/г)	До (м/г)

3	**ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА**	Број на ЛК		Датум на издавање	
				Важи до	
				Издадена од	
		Број на патна исправа		Датум на издавање	
				Важи до	
				Издадена од	

4	**ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ**	Телефон на работа	Мобилен телефон	Електронска пошта

5	**ДРЖАВЈАНСТВО**			
	ДРЖАВЈАНСТВО НА ДРУГИ ДРЖАВИ		Година на стекнување:	Основ на стекнување на државјанството
	ПОРАНЕШНИ ДРЖАВЈАНСТВА		Период од-до:	Основ на стекнување на државјанството
	Дали во моментов сте во процес на добивање на државјанство од друга држава освен Република Северна Македонија? Ако да, која е таа држава?			

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

6	**АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ**	
	Наведете ги адресите каде имате живеено, почнувајќи од сегашната (#1) па наназад. Сите периоди мора да бидат наведени.*	
	Период од-до (м/г)	Адреса
1		
2		
3		
4		
	Доколку живеете на привремена адреса, наведете ја:	

7	**ОБРАЗОВАНИЕ**		
	Наведи ги образовните институции кои сте ги посетувале, почнувајќи од средно училиште па наваму, почнувајќи со најпоследното (#1) па наназад.*		
1	Назив и седиште на образовната институција		
	Период од-до (м/г)	Степен/диплома	година на завршување на образованието
2	Назив и седиште на образовната институција		
	Период од-до (м/г)	Степен/диплома	година на завршување на образованието
3	Назив и седиште на образовната институција		
	Период од-до (м/г)	Степен/диплома	година на завршување на образованието
4	Назив и седиште на образовната институција		
	Период од-до (м/г)	Степен/диплома	година на завршување на образованието
	Доколку дел од образованието или стручното усовршување го имате завршено во друга држава наведете го периодот, образовната институција и државата (образложете подетално пр. размена на студенти, специјализации и сл.).		

* Доколку не ви се доволни дадените полиња може да дополните на посебен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

8	**ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**	
	Наведете ги вашите вработувања, почнувајќи од моменталното (#1) па наназад.*	
1	Период од-до (м/г)	
	Назив и седиште на работодавачот	
	Работно место	
	Име и презиме на непосредно претпоставеното лице и телефонски број за контакт	
2	Период од-до (м/г)	
	Назив и седиште на работодавачот	
	Работно место	
	Име и презиме на непосредно претпоставеното лице и телефонски број за контакт	
3	Период од-до (м/г)	
	Назив и седиште на работодавачот	
	Работно место	
	Име и презиме на непосредно претпоставеното лице и телефонски број за контакт	

9	**ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**		
	Наведете три лица кои добро ве познаваат и живеат во Република Северна Македонија. Тие треба да бидат добри пријатели, партнери, колеги, цимери од факултет и сл. Не ги наведувајте вашиот брачен другар, поранешните сопружници или други роднини и обидете се да не наведете некој кој е наведен на друго место во овој формулар.		
	Име и презиме	Адреса	Телефонски број
1			
2			
3			

* Доколку не ви се доволни дадените полиња може да дополните на посебен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

10	**БРАЧНА СОСТОЈБА**			
	Заокружете за да ја покажете вашата моментална брачна состојба и обезбедете податоци за вашиот брачен/ вонбрачен другар во табелите а) (и/или) б).	Самец	Вонбрачна заедница	Разведен
		Женет/мажена	Разделен	Вдовец/вдовица

а	**Брачен/ вонбрачен другар**			
	Име и презиме			
	Датум и место на раѓање		Државјанство	
	ЕМБГ		Државјанство на друга држава	
	Поранешно име и презиме		Поранешно државјанство	
	Адреса на брачниот/ вонбрачниот другар, ако е различна од вашата моментална			

б	**Поранешен брачен другар**	
	Име и презиме	
	Датум и место на раѓање	

11	**СЕМЕЈСТВО**			
а	**Деца**			
	Име и презиме	Датум и место на раѓање	ЕМБГ	Државјанство*

б	**Лица постари од 18 години кои живеат со кандидатот во исто домаќинство**				
	Име и презиме	сродство	Датум и место на раѓање	ЕМБГ	Државјанство*

в	**Родители**	Име и презиме	Датум и место на раѓање	ЕМБГ	Државјанство*
	на кандидатот				
	на брачниот/ вонбрачниот другар				

* За државјанство наведете го моменталното како и поранешни државјанства и државјанства на други држави доколку имаат

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

12	ВОЕНА И ПОЛИЦИСКА СЛУЖБА					
	Отслужен воен рок	ДА / НЕ	Воена пошта		чин	
	Воено лице	ДА / НЕ	Воена пошта		чин	
	Полициски службеник	ДА / НЕ	Полициска единица-установа		чин	

13	АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ДРУГИ ДРЖАВИ	
а	Дали имате било какви деловни врски или финансиски интереси во друга држава?	Да Не
б	Дали сега или некогаш сте биле вработени/ангажирани од страна на влада, институција или фирма на друга држава?	Да Не
в	Дали некогаш сте имале било каков контакт со официјални институции на друга држава, нејзини претставништва (амбасади или конзулати), припадници на воени, безбедносни, разузнавачки и други служби, освен за службени потреби? (Не ги вклучувајте рутинските барања за визи и контактите на граничните премини)	Да Не

Ако погоре сте одговориле со "Да" под а), б) или в) објаснете во полето подоле: обезбедете ги датумите, имињата на фирмите, институциите и лицата, како и објаснување за вашата активност.*

14	ПРЕСТОЈ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ		
Наведете ги другите држави каде имате престојувано подолго од 3 месеци, почнувајќи со последната (#1) па наназад. *			
	Период од-до (м/г)	Причина	Адреса и држава
1			
2			
3			
4			

15	ПОДАТОЦИ ЗА КАЗНЕНА И ПРЕКРШОЧНА ЕВИДЕНЦИЈА	
За овие прашања наведете информации без разлика дали записите во вашиот случај се избришани од судските евиденции. (Не ги наведувајте малите сообраќајни казни)		
а	Дали против вас се водела или се води кривична или прекршочна постапка?	Да Не
б	Дали ви се изречени правосилни или неправосилни судски пресуди или решенија на прекршочни органи?	Да Не

Ако на некое од прашањата под а) или б) сте одговориле со "Да" објаснете подолу за кое дело станува збор, кога и на кој суд се водела постапката и која е пресудата односно решението на судот. *

* Доколку не ви се доволни дадените полиња или простор дополнете на посебен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

16	АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ОПОЈНИ ДРОГИ И/ИЛИ АЛКОХОЛ	
а	Дали сте користеле или користите опојни дроги или психотропни супстанции?	Да Не
б	Дали сте биле или сте инволвирани во нелегално производство или продажба на опојни дроги или психотропни супстанции?	Да Не
в	Дали сте биле или сте зависник од алкохол?	Да Не
Ако на некое од прашањата под а), б) или в) сте одговориле со "Да" објаснете подетално		

17	ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА	
а	Матична медицинска установа и матичен лекар	
	Контакт информации од матичниот лекар	
б	Дали сте се лекувале или се лекувате од психички болести?	Да Не
	Ако погоре одговоривте со „ДА" наведете од кои болести, во кој период и колку траело лекувањето	

18	ПРЕТХОДНИ БЕЗБЕДНОСНИ СЕРТИФИКАТИ	
а	Дали претходно сте имале безбедносен сертификат?	Да Не
б	Дали некогаш ви било одбиено барање за издавање на безбедносен сертификат?	Да Не
в	Дали некогаш ви бил одземен веќе издаден безбедносен сертификат пред истекот на неговото важење? Забелешка: Административното (службеното) намалување на степенот на безбедносниот сертификат или прекинување на неговата важност не се смета за одземање.	Да Не
Ако сте одговориле со "Да" под а), б) или в) објаснете подетално во просторот подолу за следното:* - Кога сте имале безбедносен сертификат и за потребите на кој работодавач, кој бил видот и степенот на безбедносниот сертификат и периодот на неговата важност. - За кој сертификат ви било одбиено барањето или ви е одземен сертификатот, дали сте се жалеле на одлуката и кој бил резултатот од жалбената постапка?		

* Доколку не ви е доволен дадениот простор може да дополните на посебен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

19	ЛИЧНА ФИНАНСИСКА И ИМОТНА СОСТОЈБА	
а	Редовни месечни приходи изразени во денари	
б	Доколку имате други приходи наведете ги заедно со нивниот износ изразен во денари	
в	Приближна вкупна пазарна вредност на недвижниот и движниот имот и парични средства изразено во денари	
г	Доколку имате финансиски обврски (кредити), наведете го нивниот износ	
д	Дали сте имале даночни прекршоци? Доколку одговорите со "ДА" наведете ги прекршоците и периодот на нивно сторување.	

20	БЕЗБЕДНОСЕН РИЗИК	
а	Дали некогаш сте биле член на организација која има за цел насилно рушење на уставниот поредок на Република Северна Македонија како и на земјите членки на НАТО и ЕУ?	Да Не
б	Дали некогаш сте биле вклучени во активности кои имале за цел насилно рушење на уставниот поредок на Република Северна Македонија како и на земјите членки на НАТО и ЕУ?	Да Не
в	Дали некогаш сте биле вклучени во терористички активности?	Да Не
Ако сте одговориле со "Да" под а), б) или в) објаснете подетално:		

21	СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ	
	Дали имате или сте имале активни профили на социјалните мрежи на интернет?	Да Не
	Ако сте одговориле со "ДА", наведете кои се тие и на кои социјални мрежи?	

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

И З Ј А В А

Со пополнувањето и потпишувањето на овој прашалник изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека податоците дадени во овој прашалник и кои било прилози кон него, се вистинити, целосни и точни според најдоброто мое знаење и верување и дека сум согласен истите да бидат проверени заради издавање на безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации.

Датум на пополнување

_____ 20___ година

Име и презиме и потпис (потпишано со пенкало)

_____

Прилог бр. 2

Образец „А”

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ

Име:
Презиме:
Датум и место на раѓање:
Единствен матичен број на граѓанинот:
Има право на пристап до информации класифицирани со степен:

_____

Сериски број:
Датум на издавање:
Датум на престанок на важноста:

М.П. _____
овластено лице

Согласно член 39 од Законот за класифицирани информации(*) лицето има пристап до информации класифицирани со степен:

_____

Лицето кое има безбедносен сертификат за пристап до повисок степен на класифицирани информации, има право на пристап до класифицирани информации од понизок степен.

Прилог бр. 3

Образец „Б”

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ

(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ)

ЕМБГ:
Сериски број:

Датум на издавање:
Важи до: М.П. _____
овластено лице

Согласно член 39 од Законот за класифицирани информации(*) лицето има пристап до информации класифицирани со степен:

(Степен на класификација)

Лицето кое има безбедносен сертификат за пристап до повисок степен на класифицирани информации има право на пристап до класифицирани информации од понизок степен.

Прилог бр. 4

Образец „А”

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ

Назив и седиште:
Единствен даночен број:
Име и презиме на одговорното лице:
ЕМБГ на одговорното лице:
Има право на пристап до информации класифицирани со степен:

_____

* Правното лице има/нема услови за чување на класифицирани информации до степен _____

** Правното лице има/нема акредитиран комуникациско-информациски систем до степен _____

Сериски број:
Датум на издавање:
Датум на престанок на важноста:

М.П. _____
овластено лице

Согласно член 39 од Законот за класифицирани информации(*) правното лице има пристап до информации класифицирани со степен:

_____

Правното лице кои има безбедносен сертификат за пристап до повисок степен на класифицирани информации има право на пристап до класифицирани информации од понизок степен.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622

2020123